Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Двесте и четиринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 декември 2023 година

Скопје, декември 2023 година

# З А П И С Н И К
**од Двесте и четиринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 декември 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија, што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет-комуникација започна во 10:00 часот.

Со седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата учествуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Ејуп Рустеми, директор на Јавното претпријатие за државни патишта.

На седницата не учествуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Кренар Лога, министер за правда, Љупчо Николовски,

министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансирање на патна инфраструктура за проектот Коридор 8 и Коридор 10Д за 2023 година

2. Информација за Договорот за изградба на Автопатот А2, делница Кичево-Охрид, со прилози

3. Информација за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари, со Предлог-одлуки

4. Предлог-одлука за утврдување на максималниот износ на нето-задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2024 година

5. Информација за продолжување на постапка за потенцијално задолжување на Република Северна Македонија на меѓународен пазар на капитал

6. Информација за распишување на Јавен повик бр.03/23 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до три хектари, со Предлог-решение

7. Информација за распишување на Јавен повик бр.01/23 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог-решение

8. Информација за распишување на Јавен повик бр.02/23 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог-решение

9. Информација за распишување на Јавен повик бр.04/23 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог-решение

10. Предлог-програма за изменување на Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2023 година

11. Предлог-одлука за времено укинување на визите за краткорочен престој (виза Ц) во Република Северна Македонија за странски државјани носители на валидни патни исправи на трети земји кои поседуваат важечка британска, американска и канадска виза

12. Предлог на закон за Националната развојна стратегија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

13. Кадровски прашања

14. Прашања и предлози

15. Предлог-програма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2024 година

16. Информација за вработување на здравствени работници и здравствени соработници за потребите на јавните здравствени установи во Република Северна Македонија за 2023 година, со Предлог-одлука

17. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на хидротехнички објект-Брана Отиња на минерална суровина-гранит на Општина Штип на локалитетот „Акумулационен простор на насипната Брана Отиња", Општина Штип

18. Информација во врска со Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство и трговија Блу тек групација ДОО Скопје и Друштвото за инвестиции Нормак инвестмент гроуп АД Тетово, со Предлог-одлука

19. Предлог-програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2024 година

20. Предлог-програма за остварување на социјалната заштита за 2024 година

21. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2023 година

22. Предлог за работа во недела и за време на новогодишните и божиќните празници во трговијата на мало кои се определени како неработни денови, согласно Законот за трговија

23. Информација за ризикот од надминување на временските рокови за склучување и спроведување, губење на ИПА алокациите и зголемување на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за проекти финансирани од страна на

Европската Унија преку системот за индиректно управување со ИПА II (2014-2020) во Република Северна Македонија

24. Информација во врска со измена на Тендерската документација за постапка која се спроведува во хартиена форма и завршува со е-аукција за доделување на договор за универзален снабдувач со електрична енергија, со текст на изменета Тендерска документација

*

*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансирање на патна инфраструктура за проектот Коридор 8 и Коридор 10Д за 2023 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за Договорот за изградба на Автопатот А2, делница Кичево-Охрид, со прилози, ја усвои и ги овласти Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за државни патишта, да отпочнат преговори со изведувачот за склучување на анекс на Договорот за продолжување на рокот на изведба, со искористување на веќе обезбедените финансиски средства од вториот заем за доизградба на Автопат Кичево-Охрид.

**<u>Точка 3</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари, со Предлог-одлуки и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Оперативно-техничка агенција.

2. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за финансии-Царинска управа.

3. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Секретаријат за европски прашања.

4. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенција за катастар на недвижности.

5. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

6. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за внатрешни работи.

7. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за здравство.

8. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државен завод за статистика.

9. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за култура.

10. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

11. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за финансии-Управа за јавни приходи.

12. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за економија.

13. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за информатичко општество и администрација.

## Точка 4

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на максималниот износ на нето-задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2024 година.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за продолжување на постапка за потенцијално задолжување на Република Северна Македонија на меѓународен пазар на капитал, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да продолжи со започнатата постапка за потенцијално задолжување на Република Северна Македонија на меѓународен пазар на капитал преку издавање на хартии од вредност за финансирање на буџетскиот дефицит и рефинансирање на обврските од државниот долг за 2024 година.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за распишување на Јавен повик бр.03/23 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до три хектари, со Предлог-решение, ја усвои и го донесе Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со доставување на понуди за површини до три хектари.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за распишување на Јавен повик бр.01/23 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со доставување на понуди за површини до 3 хектари.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за распишување на Јавен повик бр.02/23 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со доставување на понуди за површини до 3 хектари.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за распишување на Јавен повик бр.04/23 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со доставување на понуди за површини до 3 хектари.

**Точка 10**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2023 година.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за времено укинување на визите за краткорочен престој (виза Ц) во Република Северна Македонија за странски државјани носители на валидни патни исправи на трети земји кои поседуваат важечка британска, американска и канадска виза.

## Точка 12

Владата го разгледа Предлогот на закон за Националната развојна стратегија. по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Предлогот на закон за Националната развојна стратегија ги уредува статусот, структурата, подготовката, донесувањето, спроведувањето, следењето, известувањето и оценувањето на Националната развојна стратегија на Република Северна Македонија.

Националната развојна стратегија претставува највисок стратешки и визионерски документ, со кој ќе се трасира развојниот пат на државата за следните 20 години. Овој сеопфатен и обединувачки национален документ треба да отсликува меѓугенерациски, родов и меѓупартиски консензус за националните приоритети со цел да се обезбеди инклузивен и одржлив развој. Само на ваков начин ќе се овозможи позитивна средина и континуирана посветеност за исполнување на националните развојни приоритети. Сите овие заложби се во согласност со аспирациите на Република Северна Македонија за членство во Европската Унија, но исто така, силно ја демонстрираат и посветеноста кон постигнување на Целите за одржлив развој.

Предметниот закон се предлага со цел да се воспостави правен основ за креирање на овој значаен стратешки документ и надополнување на внатрешниот правен поредок на државата со посебен закон со кој ќе се уредува ова значајно прашање за што има национален консензус.

Дополнително, со оглед на фактот дека во собраниска процедура е Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за буџети, по скратена постапка, се укажува на потребата од амандманско усогласување на Предлогот на закон за Националната развојна стратегија согласно измените во Законот за буџети.

Поточно, согласно важечката законска рамка во член 7 став 1 во Предлогот на закон за Националната развојна стратегија се предвидува Владата, најдоцна до 15 декември во тековната година, да ги утврди стратешките приоритети, најмалку за наредните пет години, додека со измените на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за буџети во член 13 се предвидува дека Владата ги утврдува стратешките приоритети, најмалку за наредните 5 години најдоцна до 15 јануари во тековната година.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење по Предлогот на закон за Националната развојна стратегија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, со укажување на потребата од соодветно усогласување на двата закони, во зависност од тоа како ќе биде утврден

текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за буџети по неговото донесување од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 13**

**1.** Владата го разреши Божин Петрески од должноста член на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија ц.о. Скопје, поради истек на мандатот.

**1.1**. Владата го именува Божин Петрески за член на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија ц.о. Скопје.

**Точка 14**

**1.** Владата заклучи:

-Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, во интерес на рационализација на трошоците, во наредните шест месеци да не ги реализира тековните и предвидените набавки за ископ на јаглен и помошна механизација, како и за секоја набавка над 30.000.000 денари, да ја информира Владата, пред да донесе соодветна одлука.

**Точка 15**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2024 година, поради потребата материјалот да се разгледа по донесување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за вработување на здравствени работници и здравствени соработници за потребите на јавните здравствени установи во Република Северна Македонија за 2023 година, со Предлог-одлука, и ја донесе Одлуката за одобрување на вработување на неопределено време, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на хидротехнички објект Брана Отиња на минерална суровина гранит на Општина Штип на локалитетот „Акумулационен простор на

насипната Брана Отиња“, Општина Штип со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 18**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство и трговија Блу тек групација ДОО Скопје и Друштвото за инвестиции Нормак инвестмент гроуп АД Тетово, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата текстот на материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 19**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2024 година, поради потребата материјалот да се разгледа по донесување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 20**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-програмата за остварување на социјалната заштита за 2024 година, поради потребата материјалот да се разгледа по донесување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 21**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2023 година.

**Точка 22**

Владата го разгледа Предлогот за работа во недела и за време на новогодишните и божиќните празници во трговијата на мало кои се определени како неработни денови, согласно Законот за трговија и препорача да работат продавниците, штандовите и киосците кои вршат трговија на мало за време на новогодишните и божиќните празници, односно на 31 декември 2023 година и 1 јануари 2024 година, како и на 7 и 8 јануари 2024 година.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за ризикот од надминување на временските рокови за склучување и спроведување, губење на ИПА алокациите и зголемување на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за проекти финансирани од страна на Европската Унија преку системот за индиректно

управување со ИПА II (2014-2020) во Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање да ги преземат сите неопходни мерки и активности за навремено доставување на квалитетна тендерска документација и да обезбедат присуство на евалуаторите за време на процесот на евалуација.

2. Се задолжува Секторот за централно финансирање и склучување на договори при Министерството за финансии да ги објави и соодветно склучи договорите од ИПА II Повеќегодишната акциска програма 2014-2020 за сектор животна средина и климатски промени и сектор транспорт, по добивање на претходно одобрување на постапките од страна на Делегацијата на Европската Унија.

3. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање во тесна соработка со НИПАК да направат приоретизација на проектите кои би се тендерирале и соодветно имплементирале во рамките на расположливите средства од Програмата ИПА II (2014-2020) за Секторот животна средина и климатски акции и транспорт.

**<u>Точка 24</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со измена на Тендерската документација за постапка која се спроведува во хартиена форма и завршува со е-аукција за доделување на договор за универзален снабдувач со електрична енергија, со текст на изменета Тендерска документација, ја усвои Информацијата и го одобри текстот на изменетата Тендерска документација за постапка која се спроведува во хартиена форма и завршува со е-аукција, за доделување на договор за универзален снабдувач со електрична енергија (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

*
*       *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 10:50 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**